РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на
## Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2016 година

Март 2017

Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

*Годишниот извештај за работа на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2016 година е изготвен согласно членот 26 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014 и 53/16), со кој е утврдена обврска за Комисијата за заштита на конкуренцијата, најдоцна до 31 март од наредната година, до Собранието на Република Македонија да достави Годишен извештај за работа на Комисијата за заштита на конкуренцијата за претходната година.*

*Во Годишниот извештај се содржани детални информации за извршување на надлежностите од Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за контрола на државната помош, како и детални информации за материјално-финансиското работење на Комисијата за заштита на конкуренцијата.*

*Во извештајот е даден преглед на активностите реализирани од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата во текот на 2016 година. Притоа е даден посебен осврт на активностите на Комисијата за заштита на конкуренцијата поврзани со спроведувањето на Законот за заштита на конкуренцијата (предметите по кои постапувала Комисијата за заштита на конкуренцијата во управна постапка и предметите по кои постапувала Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во прекршочна постапка, изготвените анализи на пазарот и дадени мислења) и активностите поврзани со спроведувањето на Законот за контрола на државната помош (пред се одлуките донесени во постапка на оценка на компатибилноста на државната помош), како и на изготвувањето на останатата регулатива во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Во овој извештај се прикажани и активностите кои Комисијата за заштита на конкуренцијата ги има остварено во текот на 2016 година на меѓународен план. На крајот од извештајот е даден преглед на финансиското работење на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2016 година.*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

## СОДРЖИНА

П Р Е Д Г О В О Р ........................................................ 5
А. КОНКУРЕНЦИЈА ........................................................ 7
1. Правна рамка........................................................ .7
1.1 Закон за заштита на конкуренцијата ........................................................ .7
1.2 Подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за заштита на конкуренцијата........................................................7
1.3 Упатства, насоки и брошури за примена на конкурентското законодавство............ 8
2. Активности на Комисијата во областа на заштитата на конкуренцијата ..................... 9
2.1 Управни и прекршочни постапки кои се водени пред Комисијата........................................................9
2.2 Договори, одлуки и усогласено однесување помеѓу претпријатијата....................... 9
2.3 Злоупотреба на доминантна позиција........................................................ 12
2.4 Оцена на концентрациите на претпријатијата ........................................................ 15
2.5.Соработка на Комисијата со регулаторни тела и други државни органи ...............21
2.6 Дадени мислења од страна на Комисијата ........................................................21
3. Транспарентност ........................................................ 21
Б. ДРЖАВНА ПОМОШ ........................................................ .22
4. Правна рамка........................................................ ..22
4.1 Закон за контрола на државната помош........................................................22
4.2 Подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за контрола на државната помош........................................................22
5. Методолошки принцип........................................................23
5.1 Закон за контрола на државната помош ........................................................ ....23
6. Активности на Комисијата ........................................................ ..24
6.1 Донесени одлуки/решенија за доделена државна помош ....................................25
6.2 Државна помош по инструменти........................................................ 28
6.3 Мислења од страна на Комисијата ........................................................ 28
7. Коментари и заклучоци ........................................................ 28
В. ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ................................................ 30
8. Интеграција во ЕУ ........................................................ 30
8.1 Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во областа на антитруст и државната помош........................................................30
8.2 Меѓуресорска соработка на планот на европска интеграција................................32
9. Меѓународна соработка ........................................................ ..........33
9.1.Билатерална и мултилатерална соработка........................................................33
9.2.Билатерална соработка........................................................33

9.3.Мултилатерална соработка..........33
Г. АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ НА КОМИСИЈАТА..........34
Д. ЗАКЛУЧОК..........34
Ѓ. ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ..........36

Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

# ПРЕДГОВОР

Со Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 04/05, 70/06 и 22/07), Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) е основана во 2005 година како самостоен, колегијален и независен државен орган, одговорен за својата работа единствено пред Собранието на Република Македонија. Комисијата е надлежна за спроведување на Закон за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11 и 41/14, 53/16) чија цел е откривање, спречување и санкционирање на различните облици на загрозување, спречување и нарушување на конкуренцијата на пазарот и Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10) чија цел е надзор над секој облик на државна помош доделен во Република Македонија, во функција на обезбедување слободна конкуренција и пазарен натпревар ослободен од влијанијата на државниот интервенционизам.

Во остварувањето на своите надлежности, Комисијата води управни и прекршочни постапки, па за утврдените повреди на одредбите од ЗЗК изрекува глоба како прекршочна санкција, согласно одредбите од Законот за прекршоците.

Во текот на 2016 година, Комисијата има донесено вкупно 44 решенија во управна постапка од кои 31 решение се однесуваат за контрола на концентрации, 13 решенија се однесуваат за контрола на државна помош. Од вкупно 31 решение за концентрации во 30 решенија е утврдено дека концентрацијата е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата додека во едно решение се утврди дека известувањето за концентрација е нецелосно и согласно член 39 став (3) од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Македонија„ бр.124/15), истото се отфрли. Што се однесува до решенијата за контрола на државната помош, кај 10 решенија Комисијата утврди дека мерките содржани во известувањето доставени до Комисијата од страна на давателите на државна помош претставуваат државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10), кај 1 решение Комисијата утврди дека дел од мерките содржани во известувањето претставуваат помош од мало значење (de minimis помош) односно доделена помош која не надминува по корисник 200.000 евра за период од три години, додека кај 2 решенија Комисијата прогласи ништовност на претходно планирана државна помош. Дополнително, Комисијата има дадено 4 мислења согласно ЗЗК и 20 мислења согласно Законот за контрола на државната помош.

Во текот на 2016 година, Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата, донесе вкупно 7 решенија во прекршочна постапка и **изрече вкупна глоба од 18.234.926,00 денари.** Притоа, Комисијата за одлучување по прекршок во 3 решенија утврди постоење на забранет договор и изрече вкупна глоба во износ од 9.754.000,00 денари, во 2 решенија утврди постоење на злоупотреба на доминантна позиција и изрече вкупна глоба во износ од 8.364.326,00 денари, додека во 2 решенија утврди постоење на полесни прекршоци и изрече вкупна глоба во износ од 116.600,00 денари.

Комисијата, имајќи ги предвид расположивите кадровски и финансиски ресурси е задоволна од остварениот обем на активности и постигнатите резултати на полето на заштитата на конкуренцијата и контролата на државната помош во Република Македонија во текот на 2016 година. Изготвувањето на овој годишен извештај, освен што претставува законска обврска согласно ЗЗК, претставува и корисен начин за обезбедување на транспарентност во работењето на Комисијата, како и за обзнанување на работата на Комисијата пред стручната и бизнис јавноста во Република Македонија. Имено, овој Извештај има за цел одлуките и прописите донесени од страна на Комисијата во текот на 2016 година да бидат систематизирани на едно место иако истите се објавуваат во Службен весник на Република Македонија и на веб страната на Комисијата.

**Скопје, 30 Март 2017 година**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Благој Чурлинов - Претседател**
**Чедомир Краљевски – Член**[1]
**Насер Жарку – Член**
**Снежана Костадиноска – Милошеска - Член**
**Ана Виткова - Член**

[1] Претседател на Комисијата за одлучување по прекршок (член 30 од Законот за заштита на конкуренцијата)

# А. КОНКУРЕНЦИЈА

## 1. Правна рамка

Законската рамка во заштитата на конкуренцијата ја сочинува Законот за заштита на конкуренцијата и подзаконските акти донесени врз основа на Законот за заштита на конкуренцијата.

### 1.1 Закон за заштита на конкуренцијата

**Закон за заштита на конкуренцијата** („Службен весник на Република Македонија“, бр. 145/10), е целосно усогласен со европското право за заштита на конкуренција односно членовите 101, 102, 106 и 107 од Договорот за функционирање на ЕУ и ЕУ актите: 32003R0001, 32004R0773, 32004R0139, 31997Y1209(01), 52001XC1222(03), 52006XC1208(04) и 52006XC0901(01). На 10 октомври 2011 влезе во сила **Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/11) со кој се изврши понатамошно усогласување на Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10) со Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/05, 110/08 и 51/11), односно се изврши допрецизирање и уредување на одредби за воведување на постапка за ефектуирање на принципот „молчењето значи одобрување“. На 04.03.2014 година влезе во сила **Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/14), со кој се изврши допрецизирање на постапката за избор на претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата и на условите кои претседателот и членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата треба да ги исполнуваат. На 21.03.2016 година влезе во сила **Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/16), со кој се изврши усогласување со Законот за општата управна постапка како и допрецизирање на условите кои претседателот и членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата треба да ги исполнуваат.

### 1.2 Подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: ЗЗК)

На предлог на Комисијата за заштита на конкуренцијата, Владата на Република Македонија на 23.03.2012 година донесе 9 (девет) уредби кои произлегуваат од ЗЗК:

1. Уредба за поблиските услови за договори од мало значење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ мерката 52001XC1222(03);

2. Уредба за формата и содржината на известувањето за концентрација и потребната документација која се поднесува заедно со известувањето („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ регулативата 32004R0802;
3. Уредба за групно изземање на одредени видови договори за осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ регулативата 32010R0267;
4. Уредба за поблиските услови за групно изземање на одредени видови на хоризонтални договори за специјализација („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ регулативата 32010R1218;
5. Уредба за поблиските услови за групно изземање на одредени видови на договори за трансфер на технологија, за лиценца или за know - how („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ регулативата 32004R0772;
6. Уредба за групно изземање на одредени видови вертикални договори („Службен весник на Република Македонија", бр. 42/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ регулативата 32010R0330;
7. Уредба за групно изземање на одредени видови договори за дистрибуција и сервисирање на моторни возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ регулативата 32010R0461;
8. Уредба за поблиските услови за групно изземање на одредени видови договори за истражување и развој („Службен весник на Република Македонија", бр. 41/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ регулативата 32010R1217 и
9. Уредба за поблиските услови за ослободување или намалување на глобата и постапката под која Комисијата за одлучување по прекршок одлучува за ослободување или намалување на глобата („Службен весник на Република Македонија", бр. 41/12). Со оваа уредба е транспонирана ЕУ мерката 52006XC1208(04).

Со овие уредби се постигна повисок степен на усогласеност на националното законодавство со ЕУ *acquis.*

### 1.3. Упатства, насоки и брошури за примена на конкурентското законодавство

Во 2016 година, Комисијата ги изготви и ги донесе следните насоки:

1. Насоки за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата. Овие Насоки се усогласени со Насоките на Комисијата за поедноставена постапка за оцена на одредени концентрации согласно Регулативата на Советот (ЕЗ) бр. 139/2004 (2013/C 366/04)

2. Насоки за ослободување или намалување на глобата

## 2. Активности на Комисијата во 2016 година во областа на заштитата на конкуренцијата

Основни активности кои Комисијата ги врши согласно ЗЗК се:

- водење на постапки за утврдување на постоење на прекршоци утврдени во ЗЗК;
- водење на управни постапки за оценка на концентрации;
- анализа на состојбите на одредени пазари и
- давање на мислења.

### 2.1. Управни и прекршочни постапки кои се водени пред Комисијата во 2016 година

ЗЗК утврдува три основни облици на дејствување на претпријатијата со кои може да се спречи, ограничи или наруши конкуренцијата на пазарот. Тоа се: забранети договори, злоупотреба на доминантна позиција и забранети концентрации. Согласно ова, делокругот на Комисијата, во потесна смисла на зборот, ги опфаќа следните основни подрачја:

- утврдување на постоење на забранети договори, одлуки и усогласено однесување помеѓу претпријатијата;
- злоупотребата на доминантната позиција од страна на претпријатија кои поседуваат доминантна позиција и
- контрола на концентрациите на претпријатијата.

Утврдување на постоење на забранети договори, одлуки и усогласено однесување помеѓу претпријатијата и постоење на злоупотребата на доминантната позиција од страна на претпријатија кои поседуваат доминантна позиција се врши во прекршочни постапки. Прекршочните постапки ги води и донесува решенија Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) составена од претседателот и двајца членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата кои се професионално ангажирани во работењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Контрола на концентрациите на претпријатијата се врши во управни постапки кои ги води и за кои донесува решение Комисијата.

### 2.2 Договори, одлуки и усогласено однесување меѓу претпријатијата

Согласно ЗЗК, забранети се сите договори склучени помеѓу претпријатија, сите одлуки на здруженија на претпријатија, како и секое усогласено однесување кои произведуваат дејство на територијата на Република Македонија, а чија цел или последица е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата. Ваквата забрана, дефинирана во член 7 став 1 од ЗЗК, особено се однесува на оние договори, одлуки односно договорени практики чија што цел, односно последица е:

- директно или индиректно фиксирање на куповните или продажните цени или некои други услови на тргување;
- ограничување или контролирање на производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите;
- поделба на пазарот или изворите на снабдување;
- примена на различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери со што овие ги ставаат во понеповолна конкурентска позиција и
- условување на склучувањето на договорите со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот.

Од друга страна, договорите, одлуките, односно договорените практики кои што имаат за цел, односно последица спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, согласно член 7 став (3) од ЗЗК, можат да бидат изземени од примената на член 7 став (1) од ЗЗК, доколку придонесуваат за унапредување на производството или дистрибуцијата на добрата или услугите или за промовирање на техничкиот или економскиот развој, под услов од тоа да имаат сразмерна корист и потрошувачите, со нив да не им се наметнуваат на засегнатите претпријатија ограничувања кои не се неопходни за постигнување на ваквите цели и доколку со ваквите договори, одлуки односно договорени практики не се елиминира во значителен обем конкуренцијата за производите или услугите кои се во прашање.

Покрај ваквите индивидуални изземања, македонскиот систем на заштита на конкуренцијата познава и т.н. групни изземања на точно определени категории на договори и тоа:
- вертикални договори;
- хоризонтални договори за истражување и развој
- хоризонтални договори за специјализација;
- договори за трансфер на технологија, за лиценца или за know-how;
- договори за дистрибуција или сервисирање на моторни возила и
- договори за осигурување.

Групното изземање на овие категории на договори се врши врз основа на соодветни уредби донесени од Владата на Република Македонија во 2012 година (види точка 1.2).

**Во 2016 година, КОП донесе 3 решенија во прекршочна постапка во кои утврди постоење на забранет договор и тоа:**

1. **Решение ПП бр.09-22/ од 31.08.2016 година** со кое КОП утврди дека Здружението на приватни лекари на Република Македонија, како здружение на претпријатија, во периодот од 10.03.2012 година до денот на донесување на решението донело забранета одлука, на начин што Управниот одбор на Здружението на приватни лекари на Република Македонија донело Одлука бр.сл од 10.03.2012 година со која е донесен Ценовникот за услуги за приватни

пациенти и приватни услуги, одлука со која директно или индиректно се фиксираат продажните цени на услуги за приватни пациенти и приватни услуги чија цел е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, со што сторило прекршок од член 59 став (1) точка 1), а во врска со член 7 став (1) точка 1) од ЗЗК, за што на сторителот Здружение на приватни лекари на Република Македонија му се изрекува санкција - глоба во износ од 491.000,оо денари. По наведеното решение е поднесена тужба до Управниот суд.

2. **Решение ПП бр. 09-2/18 од 23.12.2016 година**, со кое КОП утврди дека Диги Плус Мултимедиа ДООЕЛ Скопје и FOX Networks Group Bulgaria EOOD (поранешен FOX International Channels Bulgaria EOOD), склучиле забранет договор на 28.10.2009 година, чија цел или последица е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата и истиот го применувале до 01.12.2010 година, на начин што во Договорот за услови за дистрибуција на канали, вградиле две одредби со кои одредби договорните страни применувале различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што другите трговски партнери ги ставиле во понеповолна конкурентска позиција на пазарот на канали со филмска програма со македонски превод, кои се емитуваат на територијата на Република Македонија, со што сториле прекршок од член 59 став (1) точка 1) од ЗЗК. За сторениот прекршок КОП му изрече глоба на Диги Плус Мултимедиа ДООЕЛ Скопје во износ од 1.493.000,00 денари, додека на сторителот FOX Networks Group Bulgaria EOOD (поранешен FOX International Channels Bulgaria EOOD) КОП му изрече глоба во износ од 1.257.000,00 денари. Наведеното решение е конечно и извршно и е постапено по истото.

3. **Решение ПП бр. 09-18/20 од 29.12.2016 година**, со кое КОП утврди дека Диги Плус Мултимедиа ДООЕЛ Скопје и DISCOVERY COMMUNICATIONS EUROPE LIMITED, Лондон, Обединето Кралство, на ден 09.11.2009 година, склучиле забранет договор за дистибуција на канали – листа на рокови кои се емитуваат на територијата на Република Македонија, на начин што во договорот вградиле одредба, со која договорните страни применуваат различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што другите трговски партнери се ставаат во понеповолна конкурентска позиција на пазарот на документарни/едукативни канали со македонски превод, кои се емитуваат на територијата на Република Македонија, со што сториле прекршок од член 59 став (1) точка 1) од ЗЗК. За сторениот прекршок КОП му изрече глоба на Диги Плус Мултимедиа ДООЕЛ Скопје во износ од 2.737.000,00 денари, додека на DISCOVERY COMMUNICATIONS EUROPE LIMITED, Лондон, Обединето Кралство му изрече глоба во износ од 3.776.000,00 денари. Наведеното решение е конечно и извршно и е постапено по истото.

Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

### 2.3 Злоупотреба на доминантна позиција

Согласно ЗЗК забранета е секоја злоупотреба на доминантна позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел. Во ЗЗК се дадени 6 особени случаи кои претставуваат злоупотреба на доминантната позиција:

- директно или индиректно наметнување на нефер куповни или продажни цени или други нефер услови на тргување;
- ограничување на производството, пазарите или техничкиот развој на штета на потрошувачите;
- примена на различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што се ставаат во понеповолна конкурентска позиција;
- условување на склучување договори со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи, не се во врска со предметот на договорот;
- одбивање да се тргува или поттикнување и барање од други претпријатија или здруженија на претпријатија да не купуваат или продаваат производи или услуги на некое определено претпријатие, со намера на нечесен начин да му нанесат штета на тоа претпријатие и
- одбивање да му се овозможи пристап во сопствената мрежа или други инфраструктурни објекти на друго претпријатие за соодветен надомест, под услов без ваквото истовремено користење, другото претпријатие, заради правни или фактички причини да биде оневозможено да дејствува како конкурент на доминантното претпријатие.

**Во 2016 година, КОП донесе 2 решенија во прекршочна постапка во кои утврди постоење на злоупотреба на доминантна позиција и тоа:**

1. **Решение ПП бр. 09-17/18 од 13.10.2016 година** со кое КОП во прекршочна постапка утврди дека

   - Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП како единствена организација на пазарот за колективно управување на правото за кабелско реемитување на несценски музички дела на територија на Република Македонија има доминантна позиција. Истата ја има злоупотребено во периодот од 2011 до 2015 година преку давањето на одреден попуст на надоместокот за лиценца за реемитување на програми и дела застапувани од страна на ЗАМП го врзува со претходно склучување на *Генерален Лиценсен договор во врска со дозволата за симултано, непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми кои се на ЕБУ Кабелска координација, VG Media Gesellschaft и RTL Телевизија по пат на АДСЛ/ИПТВ и кабелска мрежа во Република Македонија за* 2011-2015 година. За сторениот прекршок КОП му изрече глоба на Здружението за заштита на авторски музички права ЗАМП во износ од 2.039.126,00 денари и

- Асоцијацијата за меѓународно колективно управување со правата од аудиовизуелни дела AGICOA како единствена организација на пазарот за колективно управување на правото за кабелско реемитување на аудиовизуелни дела (на филмски продуценти) на територија на Република Македонија има доминантна позиција и истата ја злоупотребувала во периодот од 2011 до 2015 година, на начин што со одредбата од член 8 од *Договорот за лиценца во врска со лиценцата за симултано непроменливо и неограничено реемитување на телевизиски програми и канали кои не се на EBU и VG Media на АДСЛ/ИПТВ операторот и на кабелските оператори во Република Македонија за период од 2011 до 2015 година* давањето на одреден попуст на надоместокот за лиценца за реемитување на програми и дела застапувани од страна на AGICOA го врзува со претходно склучување на *Генерален Лиценсен договор во врска со дозволата за симултано, непроменливо и неограничено реемитување на телевизски програми кои се на ЕБУ Кабелска координација, VG Media Gesellschaft и RTL Телевизија по пат на АДСЛ/ИПТВ и кабелска мрежа во Република Македонија за* 2011-2015 година, со што сторила прекршок од член 59 став (1) точка 2) а во врска со член 11 од ЗЗК. За сторениот прекршок КОП му изрече глоба на Асоцијацијата за меѓународно колективно управување со правата од аудиовизуелни дела AGICO во износ од 4.541.700,00 денари. Против наведеното решение е поднесена тужба до Управниот суд.

2. **Решение ПП бр. 09-16/ од 28.03.2016 година** со кое КОП во прекршочна постапка утврди дека Македонски телеком Акционерско друштво за електронски комуникации Скопје како претпријатие кое има доминантна позиција на пазарот за обезбедување на фиксни телекомуникациски услуги за крајни корисници на територија на Република Макдонија, истата ја злоупотребил на начин што за одредени тарифни модели (и тоа во дел „Телефонски услуги“, точка 3 „тарифирање на реализирани разговори“ потточка 3.2.1 „разговори кон мобилни телефонски мрежи, цена за минута разговор“ и тарифните модели: „Call Start тарифен модел за телефонска линија со 1 говорен канал“, „Call Comfort тарифен модел за телефонска линија со 1 говорен канал“, „Call & Surf Start “„Call & Surf Comfort “, „2 Max Start“, „2 Max Comfort “, „3 Max Start“ и „3 Max Comfort“) на своите потрошувачи неоправдано им наплаќал различна цена за повиците кон претплатниците на ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје и “ОНЕ” Телекомуникациски услуги ДООЕЛ – Скопје во услови кога ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ Скопје и “ОНЕ” Телекомуникациски услуги ДООЕЛ – Скопје, имале идентични регулирани големопродажни цени за завршување на повик од 4.0 МКД/мин, со што вршел директно наметнување на нефер продажни цени, што претставува прекршок од со член 59 став (1) точка 2) од ЗЗК. За сторениот прекршок КОП му изрече глоба на Македонски телеком Акционерско друштво за електронски комуникации Скопје во износ од 1.783.500,00 денари. Наведеното решение е конечно и извршно и е постапено по истото.

Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**Во 2016 година, КОП донесе 2 решенија во прекршочна постапка за полесни прекршоци и тоа:**

1. **Решение ПП бр.09-9/11 од 22.04.2016 година** со кое КОП во постапка, поведена по службена должност утрди дека Друштвото за производство, градежништво, трговија, сообраќај и услуги РИФАМ ДОО експорт-импорт Гостивар, не постапило по заклучокот на Комисијата за доставување на податоци во определениот рок а во смисла на член 49 од ЗЗК, на начин што не ги доставило бараните податоци во определениот рок од 15 дена, кој рок траел до 01.01.2016 година, со што сторило прекршок од член 61 став (1) точка 1) од ЗЗК, за што му се изрекува глоба во износ од 12.000,00 денари. Наведеното решение е конечно и извршно и е постапено по истото.

2. **Решение ПП бр. 09-23 од 15.06.2016 година** со кое КОП утврди дека:

   1. Здружението на приватни лекари на Република Македонија, ул. Народен фронт бр.21 Скопје, со ЕМБС 5149541 застапуван од полномошник Грозданчо Сутинов адвокат од Велес, како здружение на претпријатија во смисла на член член 5 став (1) алинеа 1 и 2 од ЗЗК, не постапило по заклучокот на Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 07-251/1 од 06.10.2014 година за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на член 48 и член 49, на начин што не ги доставило податоците побарани со наведениот заклучок во определениот рок од осум дена, кој рок истекувал на 16.19.2014 година, како ден до кога Здружението на приватни лекари на Република Македонија било должно да ги достави бараните податоци, со што сторило прекршок од член 61 став (1) точка 1) од ЗЗК, за што на сторителот на прекршокот Здружение на приватни лекари на Република Македонија, му се изрекува санкција - глоба во износ од 52.300,00 денари.
   2. Здружението на приватни лекари на Република Македонија, ул. Народен фронт бр.21 Скопје, со ЕМБС 5149541 застапуван од полномошник Грозданчо Сутинов адвокат од Велес, како здружение на претпријатија во смисла на член член 5 став (1) алинеа 1 и 2 од ЗЗК („Службен весник на РМ" бр.145/10, 136/11 и 41/14), при постапувањето по Заклучокот за поведување на прекршочна постапка на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.09-18/2 од 27.07.2015 година со кој е побарано и доставување на податоци во смисла на член 40 од ЗЗК, со допис бр. 09-18/3 од 17.09.2015 година доставило нецелосни податоци, односно податоци кои може да ја доведат во заблуда Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, на начин што не го доставило Ценовникот за услуги за приватни пациенти (кој ценовник почнува со: лекарско уверение за работа ..... 1500,оо ден.), а исто така не го доставило Ценовникот од 2008 година, со што сторило прекршок од член 61 став (1) точка 2) од од Законот за заштита на

конкуренцијата, за што на сторителот на прекршокот Здружение на приватни лекари на Република Македонија, му се изрекува санкција - глоба во износ од 52.300,00 денари. По наведеното ршение е поднесена тужба до Управниот суд.

### 2.4. Оцена на концентрациите на претпријатијата

Глава трета од ЗЗК се однесува на контрола на концентрациите.

Согласно ЗЗК учесниците во концентрацијата (во натамошниот текст: учесници) се должни да ја известат Комисијата доколку настанува промена во контролата на долгорочни основи и доколку:

1. Заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска против вредност по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата при што најмалку еден учесник мора да биде регистриран во Република Македонија или
2. заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги во Република Македонија, го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во текот на деловната година што и претходи на концентрацијата или
3. учеството на пазарот на еден од учесниците изнесува повеќе од 40% или вкупното учество на учесниците на пазарот изнесува повеќе од 60% во годината што и претходи на концентрацијата.

Комисијата врши оценка на пријавените концентрации и донесува решение со кое утврдува дали пријавената концентрација е во согласност или не е во согласност со ЗЗК.

Во 2016 година до Комисијата беа поднесени 37 известувања за концентрации. Во 2016 година Комисијата донесе 31 решение.

**Постапки по однос на поднесени известувања за концентрации**

| | |
|---|---|
| **Број на поднесени известувања** | **37** |
| **Донесени решенија – вкупно** | **31** |
| - Безусловно одобрени концентрации (е во согласност со ЗЗК) | 30 |
| - Условно одобрени концентрации | / |
| - Забранети концентрации (не е во согласност со ЗЗК) | / |
| - Концентрацијата не потпаѓа под одредбите на ЗЗК | / |
| - Поништени решенија со кои претходно е одобрена концентрација | / |
| Известувањето за концентрација е нецелосно и со решение истото е отфрлено. | 1 |

Во 30 решенија е утврдено дека концентрацијата иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата истата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, додека во едно решение се утврди дека известувањето за концентрација е нецелосно и согласно член 39 став (3) од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Македонија„ бр. 124/15), се отфрла.

Решенијата на Комисијата се следните:

1. **Решение УП бр. 08-82 од 26.01.2016 година** за концентрацијата со која Фигаро БидКо Лимитед (Figaro BidCo Limited), London, EC4A 3AE, United Kingdom друштво со посебна намена, во крајна линија под контрола на ККР и Ко Л.П. (KKR & CO. L.P.) Wilmington, Country of New Castle, Delaware 19801, United States of America, има намера да стекне директна единствена контрола над друштвото ЛГЦ Сајенс Груп Лимитед (LGC Science Group Limited), United Kingdom, по пат на купопродажба на акции. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на стандарди (коишто вклучуваат продажба на референтни материјали и услуги за професионално тестирање (proficiency testing)), пазар на геномика и пазар на лабораториски и управувани услуги.
2. **Решение УП бр. 08-83 од 26.01.2016 година** за концентрацијата со која МЕТАЛ-НЕТ ДОО увоз-извоз Куманово и Друштво за градежништво и трговија Квалитет – Пром ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, ќе стекнат заедничка контрола над АД за внатрешна и надворешна трговија АГРОКУМАНОВО Куманово, по основ на купопродажба на акции. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на трговија на големо со метална стока, цевки, уреди и опрема за водовод и централно греење.
3. **Решение УП бр.08-5 од 26.01.2016 година** за концентрацијата со која Европски Архитектонски Системи С.а р.л (European Architectural Systems S.à r.l.) Luxembourg стекнува директна единствена контрола над ТРИМО инженирингин производња монтажних објектов д.д. (TRIMO inzeniring in proizvodnja montaznih objektov d.d) Trebnje, Словенија, преку купопродажба на акции. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на продажба на кровни и фасадни панели.
4. **Решение УП бр.08-7 од 01.02.2016 година** за концентрација со која Петрол Словенска енергетска друўба дд Љубљана, Словенија, има намера да се стекне со контрола врз Геоплин доо Љубљана, друўба за трговање ин транспорт земељскега плина, Љубљана, Словенија по пат на стекнување на удели. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на снабдување со енергија и трговија, застапување и интервенција на пазарот на природен гас.
5. **Решение УП бр. 08-1 од 01.02.2016 година** за концентрација со која Тева Фармацеутикал Индустрис Лимитед, Израел ќе стекне контрола над глобалниот

генерички бизнис на Аллерган Плц, Ирска. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на производство и продажба на лекови.

6. **Решение УП бр. 08-6 од 25.02.2016 година** за концентрацијата со која АД ИМЛЕК БЕЛГРАД (AD IMLEK BEOGRAD) Белград, Република Србија, ќе стекне целосна контрола над Нишка млекара доо Ниш (Niska mlekara doo Nis), по пат на купување на удели. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на продажба на млеко, пазар на продажба на киселомлечни производи, пазар на продажба на павлака и пазар на продажба на сирења.
7. **Решение УП бр.08-20 од 29.03.2016 година** за концентрацијата со која АМАДЕУС ИТ ГРОУП С.А, Мадрид, Шпанија ќе стекне контрола над АМАДЕУС СЛОВЕНИЈА Компанија за маркетинг д.о.о, Љубљана- Словенија и над Друштвото за комуникации, промет и услуги НМЦ ДОО Скопје по основ на купопродажба на удели. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на обезбедување на услуги поврзани со пребарување, наплата, резервации, букинг (booking), издавање на билети и други процесни услуги во реално време на патничките провајдери и туристички агенции во врска со авионските билети.
8. **Решение УП бр.08-25 од 29.03.2016 година** за концентрацијата со која Инграм Микро Инц, Ирвин, Калифорнија 92612-0697, САД има намера да стекне контрола над РРЦ Полска Сп.з.о.о Варшава, Полска по основ на купопродажба на удели. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на трговија на големо со компјутери, компјутерска периферна опрема и софтвер.
9. **Решение УП бр.08-26 од 08.04.2016 година** за концентрацијата со која ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, Република Хрватска трговија Загреб со седиште на Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска има намера да се стекне со контрола над Оптимум Дистрибуција ЦЗ и СК с.р.о Прага 10, Чешка Република и над Оптимум Дистрибуција сп.зо.о Варшава, Република Полска, преку купопродажба на удели. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на трговија на големо.
10. **Решение УП бр. 08-19 од 08.04.2016 година** за концентрацијата со која Новоматик АД (Novomatic AG), Гумполдскирцхен, Австрија, стекнува контрола над Казинос Аустриа АД (Casinos Austria Aktiengesellschaft), Виена Австрија, преку купопродажба на акции. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на дејности на коцкање и обложување.
11. **Решение УП бр.08-22 од 08.04.2016 година** за концентрацијата со која Силк Роад Цапитал АГ (Silk Road Capital AG), Цирих – Киснахт, Швајцарија стекнува директна контрола над Алфа Банка АД Скопје, преку купопродажба на акции. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на банкарски услуги.
12. **Решение УП бр.08-36 од 13.06.2016 година** за концентрација со која Агри Фоод Инвест С.а.р.л., Луксембург, Големото Војводство на Луксембург стекнува контрола над БОНУМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и БОНУМ М ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, преку купопродажба на удели. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на процесирање и конзервирање на овошје и зеленчук.

13. **Решение УП бр.08-32 од 13.06.2016 година** за концентрација со која ЛСРЕФ4 Еагле Луксембург С.а.р.л., Луксембург стекнува контрола над Центрис Риал Естејт ГмбХ., Виена, Австрија, преку купопродажба на удели. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).
14. **Решение УП бр.08-34 од 13.06.2016 година** за концентрација со која Јуан Јинг ИЦЕ Цо. Лимитед (Yuan Jing ICE Co., Limited), Хонг Конг ќе стекне контрола над Интернационал Царренцу Ексцханге Лимитед (International Currency Exchange Limited), Лондон В1Д 7ЕД, Ленлин У.К. Лимитед (Lenlyn U.K. Limited), Лондон В1Д 7ЕД, Ехцханге Цорпоратион (Еуропе) Лимитед (Exchange Corporation (Europe) Limited), Лондон В1Д 7ЕД и Хоопое Инвестментс Лимитед (Hoopoe Investments Limited, Лондон В1Д 7ЕД, преку купопродажба на акционерски капитал. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на услуги на менувачко работење.
15. **Решение УП бр.08-31 од 13.06.2016 година** за концентрација со која Телемах“ д.о.о. Илиџа-Сараево („Telemach“ d.o.o. Ilidža-Sarajevo), ,Илиџа-Сараево, Босна и Херцеговина ќе стекне контрола над трговското друштво „Глобал Интернет“ д.о.о. Нови Травник („Global Internet“ d.o.o. Novi Travnik), Нови Травник, Босна и Херцеговина, преку стекнување на удели. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на телекомуникации.
16. **Решение УП бр.08-33 од 13.06.2016 година** за концентрација со која Грин Холдингс Лимитед (Gren Holdings Limited), Никозија, Кипар има намера да стекне контрола над Ромгрин Универзал Лимитед (Romgreen Universal Limited), Никозија, Кипар, преку стекнување на удели. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на собирање, рециклирање и преработување на отпад од пластика.
17. **Решение УП бр.08-28 од 13.06.2016 година** за концентрација која ќе настане преку формирање на зедничко вложување помеѓу Нестле С.А., Швајцарија во врска со неговиот бизнис за сладоледи и одредена замрзната храна во Европа, Среден Исток и Северна Африка („ЕМЕНА“) (со исклучок на Израел) и одредени други географски подрачја, како и неговиот бизнис за ладни млечни производи на Филипини, и ПАИ Партнерс САС, Франција во врска со нивната инвестиција во Р&Р Ајс Крим Плц, Норталлертон, Норт Јоркшир, ДЛ7 9УЛ, Обединето Кралство. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на производство и продажба на сладолед.
18. **Решение УП бр. 08-30 од 24.06.2016 година** за концентрацијата со која Хи Стил Груп, Ко., Лтд. (He Steel Group, Co., Ltd.), ќе стекне контрола над Железара Смедерево, Србија, преку купопродажба на имот. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на производство и продажба на челик.
19. **Решение УП бр. 08-38 од 05.08.2016 година** за концентрацијата со која Хемофарм а.д. Вршац (Hemofarma.d. Vršac) Вршац, Република Србија, од друштвото Иванчиќ и синови д.о.о. Белград, Република Србија, презема одреден

Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

имот, односно работење, оттаму над наведениот имот, односно работење, стекнува самостојна контрола. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на производство и продажба на фармацевтски производи.

20. **Решение УП бр. 08-39 од 05.08.2016 година** за концентрацијата со која ЧАЈНА НЕШЕНАЛ АГРОКЕМИКАЛ КОРПОРЕЈШН (CHINA NATIONAL AGROCHEMICAL CORPORATION), Пекинг, НР Кина стекнува контрола над СИНГЕНТА АГ (SYNGENTA AG), Базел, Швајцарија, по пат на јавна понуда на акции. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на селективни хербициди, пазар на инсектициди и пазар на фунгициди.
21. **Решение УП бр.08-41 од 06.09.2016 година** за концентрацијата со која Хајстед Лимитед, Лондон, Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска ќе стекне контрола над Трговско друштво за производство, трговија и услуги БАЛФИН МК ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, по пат на стекнување на удел. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на изнајмување на деловен простор.
22. **Решение УП бр. 08-44 од 03.10.2016 годин**а за концентрацијата која се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на ГРВЦ Холдингс Лимитед (GRWC Holdings Limited), Никозија, Кипар и г-дин Богуслав Ковалски, државјанин на Република Полска, над друштвото Грал С.А. (Graal S.A.), Вејхерово, Полска преку друштво за посебна намена Гринвич Инвестментс сп. з о.о. (Greenwich Investments sp. z o.o.), Варшава, Република Полска. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на продажба на големо на конзервирана риба и други морски плодови.
23. **Решение УП бр.08-43 од 03.10.2016 година** за концентрацијата со која КПНК Кооператиф У.А. (KPNK Coöperatief U.A.) Амстердам, Холандија и Коперникус Корпорејшн Б.В. (Kopernikus Corporation B.V.) Амстердам, Холандија стекнуваат заедничка контрола над друштвото Коперникус Технолоџи д.о.о. Белград (Kopernikus Technology d.o.o. Beograd), Нови Београд, Република Србија, по пат на стекнување на удел. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на услуги на дистрибуција на медиумска содржина.
24. **Решение УП бр.08-46 од 03.10.2016 година** за концентрацијата со која Мосбургер ГмбХ (Mosburger GmbH), Виена, Република Австрија, над работењето за производство на табли и амбалажи од брановиден картон кое ќе биде пренесено на ново основано друштво во Република Турција, од друштвата Туркие Шише ве Џам Фабрикалере А.Д. (Türkiye Şişe ve Cam Fabrikaları A.) и Пашабахче Џам Санаји Ве А.Д. (Paşabahçe Cam Sanayi ve Ticaret A.Ş.), Истамбул, Турција, преку купувањето на 100% од акциите во ново основаното друштво од страна на Мосбургер ГмбХ, кој припаѓа на Принцхорн Групата. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на производството на табли и амбалажи од брановиден картон.
25. **Решение УП бр.08-45 од 03.10.2016 година** за концентрацијата со која Србија Бродбенд – Српске кабловске мреже д.о.о. Белград (Serbia Broadband – Srpske kablovske mreže d.o.o. Beograd), Белград, Република Србија ќе стекне контрола

Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

над Интерактивни кабловски обединети мрежи – И.КОМ д.о.о. (Interaktivne kablovske objedinjene mreže – I.KOM d.o.o), Нов Белград, Република Србија, по пат на стекнување на удел. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на телекомуникации.

26. **Решение УП бр. 08-47 од 17.10.2016 година** за концентрацијата со која МЛС Цо. Лтд. (MLS Co. Ltd) ке стекне самостојна контрола над Ледванс ГмбХ (Ledvance GmbH) од Германија и над друштвото Ледванс ЛЛЦ (Ledvance LLC), Соединети Американски Држави, по пат на стекнување на на 100% од уделите во иститe. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на светилки за општа намена.
27. **Решение УП бр.08-40 од 17.11.2016 година** за концентрацијата со која ОРБИКО ДОО за трговија Загреб Република Хрватска ќе стекне контрола над ЕВЕРЕТ ИНТЕРНЕШНАЛ, меднародна трговинска дружба д.о.о, Љубљана, Словенија, по пат на купување на удел. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот за продажба на парфеми, козметика и производи за нега.
28. **Решение УП бр. 08-50 од 17.11.2016 година** за концентрацијата со која Вестел Тиџарет Аноним Ширкети, Истанбул, Турција ќе стекне контрола над Компал Електроникс Еуропе Сп. з о.о. (Compal Electronics Europe Sp. z o.o.) Полска, по пат на стекнување на удел. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на производство и продажба на телевизори.
29. **Решение УП бр.08-51 од 28.11.2016 година** за концентрацијата со која Хемофарм а.д. Вршац (Hemofarm a.d. Vršac) Вршац, Република Србија ќе стекне контрола над Велексфарм д.о.о. Белград, Република Србија, по пат на стекнување на удел. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на производство и продажба на лекови**.**
30. **Решение УП бр.08-52 од 28.11.2016 година** за концентрацијата со која СБ Телеком Лимитед (SB Telecom Limited), Никозија, Кипар ќе стекне контрола над друштвото ИОООАлтернативнаја Цифроваја Сет, (IOOO Alternativnaya Tsifrovaya Set), Минск, Република Белорусија и посредна директна контрола над ООО ТелеСет (ООО TeleSet), г.Гомељ, Гомељскаја област, Република Белорусија, преку стекнување на акции. Учесниците во концентрацијата се активни на пазарот на телекомуникации.
31. **Решение УП бр. 08-54 од 06.12.2016 година** за концентрацијата со која Улиссе Инвестиссмент С.А., од Апиа, Самоа како подносител на известувањето ја известува Комисијата за заштита на кокуренцијата дека ќе стекне контрола над друштвото Мојоман Пропертис Лтд., Тортола, Британски Девствени Острови, не содржи Извод од регистар за Улиссе Инвестиссмент С.А, исправа која задолжително се доставува кон Известувањето за концентрација, согласно член 15 став (4) точка3) од ЗЗК, поради што Известувањето за концентрација е нецелосно и согласно член 39 став (3) од Законот за општата управна постапка, се отфрла.

### 2.5. Соработка на Комисијата со регулаторни тела и други државни органи

Согласно ЗЗК, Комисијата при извршување на своите надлежности соработува со други државни органи и тела за прашањата кои се во врска со заштитата на конкуренцијата. Комисијата и регулаторните тела се должни да разменуваат податоци и информации што им се потребни за вршење на своите надлежности, чиј обем на размена на информации е ограничен на податоци и информации што се соодветни и пропорционални на целите за коишто се разменуваат.

Во 2016 година, Комисијата ја продолжи успешната соработка со: Регулаторна Комисија за енергетика, Агенција за електронски комуникации, Биро за јавни набавки, Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Оваа соработка се оствaруваше преку редовни контакти во рамките на одборите за соработка предвидени со меморандумите за соработка, како и преку тесна соработка по тековни предмети во надлежност на Комисијата, односно во надлежност на регулаторните тела, а кои се однесуваат на прашања значајни за развој на конкуренцијата во соодветните регулирани сектори.

### 2.6 Дадени мислења од страна на Комисијата

Комисијата, согласно ЗЗК, дава мислења по предлог закони и други акти со кои се уредуваат прашања што се однесуваат на економската активност, а кои можат да имаат влијание на конкуренцијата на пазарот. Во насока на реализација на ова овластување, а воедно и јакнење на меѓуресорската соработка со надлежните органи и институции во Република Македонија, Комисијата даде мислење по:

- Мислење по нацрт документ за анализа на пазар 1 – Пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисници
- мислење по Нацрт документ за трета анализа на пазар за Физички пристап до мрежна инфраструктура (целосен и поделен разврзан пристап) на фиксна локација и четврта анализа на пазар за услуги со широк опсег
- мислење по нацрт документ за анализа на пазар 11 - услуги за пристап до јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги за започнување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи
- мислење во однос на преземањето на Фабриката за шински возила Колска Велес од страна на Македонски Железници Транспорт АД Скопје

Комисијата и во 2016 година континуирано оствaруваше соработка и со Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во делот на изработка на подзаконски акти согласно Законот за енергетика.

## 3.ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Заради обезбедување на транспарентност во своето работење, Комисијата сите свои правосилни решенија ги објавува во Службен весник на Република Македонија и на веб страната на Комисијата. Веб страната на Комисијата редовно се ажурира.

Комисијата превзема и активности со кои ја подигнува свеста за потребата од заштита на конкуренцијата преку учество на национални конференции и тркалезни маси, преку информирање на медиумите за својата работа итн.

## Б. ДРЖАВНА ПОМОШ

### 4. Правна рамка

Правната рамка во контролата на државната помош ја сочинува Законот за контрола на државната помош и подзаконските акти потребни за негова примена.

#### 4.1 Закон за контрола на државната помош

На 28 октомври 2010 година Собранието на Република Македонија донесе нов Закон за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10). Законот влезе во сила на 13.11.2010 година.

Со донесувањето на Законот за контрола на државната помош се изврши понатамошно хармонизирање на македонското законодавство во оваа област со законодавството на ЕУ и тоа: членовите 107-109 од Договорот за функционирање на ЕУ и ЕУ регулативите 32001R0069 и 31999R0659. Воедно се унапреди законитоста и ефикасноста во постапувањето на Комисијата преку усогласување на одредбите од Законот за контрола на државната помош со Законот за општа управна постапка и со Законот за заштита на конкуренцијата. Со тоа се овозможува поедноставна управна постапка пред Комисијата во предметите кои се однесуваат на државна помош, која постапка истовремено ќе биде појасна и транспарентна за сите заинтересирани страни.

#### 4.2 Подзаконски акти кои прозлегуваат од Законот за контрола на државната помош

Покрај донесената Уредба за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 141/11) и Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/11), во 2013 година се донесе Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 109/13) како и Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош (на седница на Владата одржана на 30.12.2013 година и истата е објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 03/14).

Со донесувањето на Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош детално се уредуваат условите и постапката за доделување на регионална помош. Воедно, се уредуваат прашањата од особено значење за ефикасно вршење на оцена над планираното доделување на регионална помош, како и условите

Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

и постапката за доделување на истата во Република Македонија од страна на Комисијата. Истата е усогласена со европското законодавство во областа на доделување на регионална помош. Со оваа уредба се прецизираат условите и постапката за доделување на регионална помош, што е од значење за правилна и навремена оцена на дозволеноста или недозволеноста за доделувањето на истата, а со што ќе се овозможи ефикасно спроведување на надлежноста на Комисијата при надзорот и контролата на доделувањето на регионалната државна помош. Донесувањето на Уредбата е со цел усогласување на условите и постапката за доделување на регионална помош со барањата на ЕУ *acquis*.

Комисијата продолжи со понатамошно усогласување со европското законодавство со донесувањето на Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош. Со оваа уредба детално се уредуваат прашањата од особено значење за ефикасно вршење на оцена на планираното доделување на хоризонтална помош, како и условите и постапката за доделување на истата во Република Македонија од страна на Комисијата. Воедно, со оваа Уредба се пропишуваат условите и постапката за доделување на државна помош во областите за истражување и развој и иновации, заштита на животната средина, вработување, обука, вршење на услуги од општ економски интерес и мали и средни претпријатија во кој било облик, вклучувајќи го и обликот на ризичен капитал, што е од значење за правилна и навремена оценка на дозволеноста или недозволеноста на доделувањето на помошта во овие области. На овој начин се постигнува поголем степен на усогласеност на македонското законодавство со ЕУ *acquis* од областа на државната помош. Донесувањето на Уредбата е со цел усогласување на условите и постапката за доделување на хоризонтална помош со барањата на ЕУ *acquis*.

Донесувањето на Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош како и на Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош е со цел усогласување на условите и постапката за доделување на регионалната и хоризонталната помош со барањата на ЕУ *acquis.*

Со донесување на овие уредби престанаа да важат Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/07) и Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/03 и 118/09).

Комисијата ќе продолжи со понатамошно усогласување на законодавството за државна помош со европското законодавство за државна помош.

## 5. Методолошки принципи

### 5.1. Закон за контрола на државната помош

Методолошката основа на државната помош воспоставена со Законот за државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/03, 70/06 и 55/07)

Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

и подзаконските акти се надградува и со Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10).

При анализата и оцената на доставените податоци за можните случаи на државна помош, Комисијата и понатаму тргнува од основните критериуми кои ја дефинираат државната помош и тоа дали:

- се работи за мерки кои вклучуваат трансфер на државни средства (вклучувајќи национални и локални),
- дадената помош претставува економска предност за примателот на помошта,
- дадената помош е селективна и
- помошта има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

Според член 6 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10), давател на државна помош е Владата на Република Македонија, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа како и секој друг орган или правно лице кои доделуваат или планираат да доделат државна помош.

При дефинирањето на финансиските инструменти се имаа во предвид следните групи:

- Инструменти во група А, кои се делат на две подгрупи, при што во подгрупата А1 влегуваат неповратните средства во облик на дотации, субвенции на камати, отпишување на долгови на деловни претпријатија од кредити, наплата од присилно порамнување, а во подгрупата А2 влегуваат олеснување и ослободување од плаќање на даноци и придонеси за социјално осигурување;
- Инструменти во група В, во која влегуваат финансиски трансфери на државата во облик на капитални вложувања. Во оваа група покрај класичните капитални вложувања се вбројуваат и конверзијата на побарувања на капитално учество и поволно продавање на државен имот;
- Инструменти во група С, во која влегуваат сите трансфери во кои елементот на државна помош претставува korиста од камата. Овие трансфери се или поволни позајмици (група С1) или одложено плаќање на даноци со пониска камата (група С2),
- Инструменти во група D во која влегуваат гаранциите како обезбедување на комерцијален и некомерцијален ризик.

## 6. Активности на Комисијата

Комисијата и во 2016 година продолжи со спроведување на одредбите од Законот за контрола на државната помош, особено со обврската која произлегува од член 13 од Законот во кој се предвидува сите даватели на државната помош (Владата на Република Македонија, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа и секој друг орган или правно лице кои доделуваат или планираат да доделат државна помош) до Комисијата да доставуваат известување за секој план за доделување на нова или измена на постојната државна помош, како и за забраната

планираната државна помош да биде доделена на корисник во периодот додека Комисијата не ја одобри со свое решение, односно додека не измине рокот во кој Комисијата треба да донесе решение за оцена на помошта. Воедно, Комисијата им укажуваше на сите даватели на државната помош за обврската која произлегува од член 24 од Законот за контрола на државната помош според која секој давател на државна помош е должен најдоцна до 1 март во тековната година да достави до Комисијата годишен извештај за доделената дозволена државна помош во претходната година и на обврската од истиот член за секој давател и корисник на државна помош да води прецизна евиденција за доделената, односно примена државна помош, како и за доделената, односно примена помош од мало значење (de minimis).

### 6.1 Донесени одлуки/решенија за одобрена државна помош во 2016 година

Во текот на 2016 година, вкупниот број на донесени решенија од страна на Комисијата изнесува 13 при што кај 10 (десет) решенија се утврдува дека мерките содржани во известувањата доставени до Комисијата од страна на давателите на државна помош претставуваат државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10), кај (1) едно решение Комисијата утврди дека дел од мерките содржани во известувањето претставуваат помош од мало значење (de minimis помош) односно доделена помош која не надминува по корисник 200.000 евра за период од три години, додека со 2 решенија Комисијата прогласи ништовност на претходно планирана државна помош.

**2016 година**

| | Број на Решение | Давател | Намена | Износ во Денари | Износ во Евра |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Решение бр 10-12 од 28.01.2016 година | Влада на Република Македонија, Дирекција за технолошко индустриски развојни зони | Доделување на планирана државна помош за регионален развој наЏОНСОН КОНТРОЛС АУТОМОТИВЕ СТРУМИЦА ДООЕЛ СТРУМИЦА | / | / |
| 2 | Решение бр 10-14 од 05.02.2016 година | Влада на Република Македонија, Дирекција за технолошко индустриски развојни зони | Доделување на планирана државна помош за регионален развој на Хај Тек Асембли Центар ДООЕЛ експорт-импорт Илинден | / | / |
| 3 | Решение бр. 10-15 од 05.02.2016г | Влада на Република Македонија, | Доделување на планирана државна помош за регионален | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | одина | Дирекција за технолошко индустриски развојни зони | развој на Ван ХООЛ Македонија ДООЕЛ Илинден | | |
| 4 | Решение бр 10-17 од 10.02.2016 година | Влада на Република Македонија, Дирекција за технолошко индустриски развојни зони | Доделување на планирана државна помош за регионален развој на ФПЦ ТЕХНОПЛАСТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | / | / |
| 5 | Решение бр 10-79 од 12.02.2016 година | Влада на Република Македонија, Дирекција за технолошко индустриски развојни зони | Доделување на планирана државна помош за регионален развој на ДЕЛФИ ЕЛЕКТРОНИКС СИСТЕМС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | / | / |
| 6 | Решение бр10-27 од 29.03.2016 | Влада на Република Македонија, Министер без ресор Цери Наумоф | Доделување на државна планирана помош за регионален развој на ДПТУ ЛУТЕЦ ДООЕЛ Скопје | / | / |
| 7 | Решение бр10-10 од 20.04.2016 (de minimis) / хоризонтал на помош | Министерство за труд и социјална политика | Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2016 година | 518.157.760 /159.080.000 | 8.425.329/ 2.586.667 |
| 8 | Решение10-35 од 20.05.2016 | Агенција за промоција и поддршка на туризмот за 2016 година | Програма за промоција и поддршка на туризмот за 216 година | 136.000.000 | 2.211.382 |
| 9 | Решение10-27од 06.09.2016 | | Ништовност на Решението на Комисијата УП.бр.10-27 од 29.03.2016 година по барање на Влада на Република Македонија, кабинет на Министерот за странски инвестиции Цери Наумоф | / | / |
| 10 | Решениебр. | | Ништовност на | / | / |

Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 10-9од06.09.2016 | | Решението на Комисијата УП.бр.10-151 од 31.01.2014 година по барање на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија. | | |
| 11 | Решение бр. 10-49од 10.10.2016 | Министерство за животна средина и просторно планирање | Програма за инвестирање во животната средина за 2017 | 5.000.000 | 81.300 |
| 12 | Решение бр. 10-64 од 27.12.2016 | Влада на Република Македонија, Дирекција за технолошко индустриски развојни зони | Доделување на планирана државна помош за регионален развој на КОСТАЛ Македонија ДООЕЛ Охрид | / | / |
| 13 | Решение бр. 10-63 од 27.12.2016 | Влада на Република Македонија, Дирекција за технолошко индустриски развојни зони | Доделување на планирана државна помош за регионален развој на ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Илинеден | / | / |
| | **Вкупно** | | | **1.330.471.197** | **21.633.678** |

Податоците за 2016 година, дадени во табелата, ја покажуваат вкупната сума на планирана државна помош за 2016 година и тоа во различни категории, искажани во денари и во евра[2].

Категориите за кои е доделена државна помош во 2016 година се: туризам, вработување и заштита на животната средина.

Во 2016 година Комисијата донесе решенија по поднесено Известување за планирана државна помош за регионален развој од страна на давателите на државна помош. Ваквите решенија прикажани во горенаведената табела се донесени решенија од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата за планирано доделување регионална државна помош, која како таква е во согласност со целите на регионална политика на Република Македонија и со која се поддржуваат продуктивни почетни

[2]Согласно Законот за Заштита на конкуренцијата и Законот за контрола на државната помош, поединечните податоци кои се деловна тајна не се објавуваат.

Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

инвестиции или отворање на работни места, поврзани со инвестициите. Од прикажаното може да се заклучи дека и во 2016 година продолжува инвестирањето на странските инвеститори во Република Македонија, особено во технолошките индустриски развојни зони, се со цел подобрување, побрз раст и развој на економијата во РМ.

Од податоците за 2016 година може да се заклучи дека учеството на државната помош во 2016 година во однос на БДП (проценет не е финален бидејќи финалниот БДП за 2016 би бил готов при крајот на 2017 година) е 0,2%.

Вкупниот износ на државна помош одобрен во оваа година изнесува **1.330.471.197** денари. Овој износ е нотифициран од страна на давателите на државна помош а одобрен преку мерките кои Комисијата ги одобрува како планирана дозволена државна помош, а кои целосно ќе се изреализираат во наредните години.

Исто така, од податоците за 2016 година може да се заклучи дека со повеќето даватели на државната помош е воспоставен континуитет на соработка во исполнување на обврските кои произлегуваат од имплементирањето на законодавството за државна помош, а со тоа е овозможено и непрекинато оценување, контрола и надзор од страна на Комисијата на таквата доделена државна помош во тие области.

### 6.2 Државна помош по инструменти

Во однос на инструментите со кои е доделена државната помош за која се доставени известувања – нотификации и која е одобрена со решене од Комисијата во периодот 2016 година може да се заклучи дека државната помош доделена во 2016 година се доделувала преку инструментите од групата А.

### 6.3 Мислења од страна на Комисијата

Во 2016 година бројот на дадени мислења од страна на Комисијата е 20. Големиот број на мислења кои Комисијата ги има донесено во текот на 2016 година е како резултат на потребата на давателите на државната помош да добиваат мислење од Комисијата уште во фазата на подготовка на правните акти кои можат во себе да содржат елементи на државна помош, како и за потребата од оценување на предлог договорите за доделување регионална државна помош на потенцијалните корисници.

## 7. Коментари и заклучоци

Забележлив е трендот на континуирано барање на мислења и на доставени известувања – нотификации кои доаѓаат од страна на министерствата, што е резултат на значителното подигнување на свеста за важноста на оваа област. Воедно, Комисијата е во секојдневна неформална комуникација со сите даватели на државна помош кои имаат потреба од било каква информација во врска со планираните мерки

Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

за доделување на државна помош од страна на давателите. Исто така, не помало е и значењето на правилното спроведување на законодавството за државна помош за европските интеграции.

Податоците за доделената државна помош во Република Македонија во 2016 година говорат дека државна помош во голема мера се доделувала за поддршка на проекти кои имаат директно влијание врз развојот на економијата во државата, а особено преку реализирање на проекти со кои се унапредува економскиот развој на подрачја во Република Македонија во кои животниот стандард е исклучително низок или каде што постои голема невработеност. Имено, станува збор за доделена државна помош за регионален развој со која се поддржуваат странските инвестиции во државата преку субвенционирање на компании кои вложуваат во Република Македонија.

Од друга страна, преку развојните програми државата учествувала преку механизмот на државна помош во поддршката и развојот на туризмот, каде како давател се сретнува Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот. Исто така, државата преку доделување на државна помош помагаше и во дел од мерките од Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2016 година, каде што како давател се јавува Агенцијата за вработување на Република Македонија. Во овој контекст, државата преку доделување на државна помош од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, помогна за заштита на животната средина преку реализација на конкретни мерки, составен дел на Програмата за заштита на животната средина за 2017 година.

Исто така, треба да се нагласи и континуираната комуникација и соработка со давателите на државна помош кои имаа намера да доделуваат регионална помош во технолошко-индустриските развојни зони. Имено, сите предлог договори за доделување на државна помош кои се склучуваат помеѓу потенцијалниот корисник на државната помош и давателот на државната помош претходно добиваат согласност од Комисијата, по однос на текстот од истиот, а во доменот на надлежност од страна на Комисијата.

Мора да се нагласи дека кај мал број на даватели на државна помош се уште недостасува извршувањето на обврските за навремено доставување на годишен извештај за доделената државна помош во претходната година, со што со тоа се поткопуваат воведените законски механизми за надзор. Комисијата, како орган кој го презеде надзорот и контролата на државната помош, презема активности за надминување на овие проблеми и се очекува во иднина соработката со сите даватели на државна помош да биде на потребно ниво. Комисијата ја поздравува појавата на зачестено повикување на претставници од Комисијата при подготовка на правни акти, но и на стратешки документи.

Сепак, давателите на државна помош покажаа подготвеност, преку консултации со Комисијата на секојдневна основа, навремено и точно да ги доставуваат известувањата до Комисијата.

## В. ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во продолжение се опишани активностите на Комисијата од областа на меѓународната соработка во 2016 година, врзани за процесот на приближување кон Европската Унија, проекти за техничка помош од Европската Унија на кои Комисијата е корисник, како и билатерална и мултилатерална соработка и учество на вработените во Комисијата на меѓународни семинари и конференции.

### 8.Интеграција во ЕУ

#### 8.1 Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2016 година во областа на антитруст и државната помош

*Правилата на ЕУ ја заштитуваат слободната конкуренција. Ова вклучува антитруст правила за ограничувачки договори помеѓу претпријатијата и злоупотреба на доминантната позиција. Правилата на ЕУ исто така ги спречуваат владите прекумерно да доделуваат државна помош која ја нарушува конкуренцијата.*

*Земјата е* ***<u>умерено подготвена</u>*** *во областа на конкурентската политика.* ***<u>Не е направен прогрес</u>*** *во оваа област во извештајниот период. Земјата е релативно напредната што се однесува на законското усогласување, но значајни напори се потребни за спроведување. Во следната година, земјата треба посебно да:*

- *Го зајакне спроведувачкото досие на Комисијата за заштита на конкуренцијата (Комисијата)*
- *Да ја зголеми транспарентноста за државната помош доделена од Владата.*

*<u>Антитруст и концентрации</u>*

***Законодавната рамка*** *е во целост усогласена со член 101 (ограничувачки договори) и член 102 (злоупотреба на доминантната позиција) од Договорот за основање на ЕУ и со соодветните одредби од Договорот за стабилизација и асоцијација. Таа покрива и ех анте (однапред) контрола на концентрациите, во согласност со принципите на Регулативата за концентрации. Некои празнини во секундарното законодавство треба допрва да се пополнат.*

*Што се однесува до* ***институционалната рамка****, Комисијата е одговорна за примена на Законот за заштита на конкуренцијата. Комисијата е одговорна пред Собрание, кое ги избира претседателот и четирите члена на Комисијата. Формално во голема мера е оперативна независна управа. Комисијата може да делува по барање на странка, известување (на пример за концентрации) или по службена должност. Комисијата може исто така да донесе барања на информации и да спроведе*

*неочекуван увид во просториите на претпријатијата (dawn raid). Комисијата може да изрече казни и да прифати обврски кога конкурентските правила се повредени.*

*Политиката на попустливост (leniency) кон само-пријавувачите на картелите е воспоставена но допрва треба да се користи. Комисијата може да одобри концентрации без или со услови или да ги забрани. Комисијата исто така дава мислења на предлог закони кои може да влијаат на конкуренцијата. Решенијата на Комисијата може да бидат утужени пред Управен Суд.*

*Што се однесува до* ***административниот капацитет****, стручната служба на Комисијата изгледа доволна, но нејзиното ниво на експертиза треба да се подобри. Нејзиниот буџет варира, се одлучува секоја година, и повлекува грижи за нејзината независност. Во однос на* ***примената,*** *активностите на Комисијата се стабилни и значајни во периодот од 2013-2015 година, со вкупно 18 решенија за картели и злоупотреба на доминантната позиција со казни од околу 4,5 милиони Евра. Комисијата треба да оди чекор понапред во однос на спроведувачката политика, користејќи ги сите расположливи алатки, посебно увид на лице место и програмата за попустливост. Во 2015 година, Комисијата дала 5 мислења на предлог делови од законодавство со влијание по конкуренцијата. Комисијата треба активно да ги следи тие мислења со цел да се почитуваат. Постојат грижи околу недостатокот на независност и капацитетот на судовите кои работат на антитруст случаи.*

*Државна помош*

*Што се однесува до* ***законодавната рамка****, ЗКДП во најголем дел е усогласен со член 107 и 108 од Договорот за основање на ЕУ и Договорот за стабилизација и асоцијација, но сеуште треба да се хармонизира со acquis-то во однос на секундарното законодавство за одредени форми на помош и специфични сектори. Инвентарот на државната помош сеуште не е воспоставен и мапата на регионална помош сеуште не е изготвена.*

*Во однос на* ***институционалниот капацитет****, Комисијата е одговорна за спроведување на ЗКДП. ЗКДП предвидува дека сите нови или изменети мерки на државна помош мора да се нотифицираат до Комисијата за оценка на нивната компатибилност пред тие да се одобрат. Комисијата може да донесе негативно решение или да дозволи мерка на помош под одредени услови. Ако мерката на помош не е нотифицирана до Комисијата, Комисијата има моќ да го испита тоа отпосле. Ако Комисијата најде дека дадената помош не е компатибилна со ЗКДП, може да наложи враќање на истата.*

***Административниот капацитет*** *на секторот за државна помош во Комисијата е неадекватен бидејќи има недостаток на кадар и опрема. Има само три вработени во стручната служба кои работат на зголемениот број на случаи и застарена опрема.*

Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

*Што се однесува до **спроведувањето**, Комисијата има донесено 25 решенија во 2015 година. Овие одлуки се сите позитивни најчесто поврзани со странски инвеститори активни во специјалните економски зони и ниедно од нив не е тужено. Комисијата нема добиено поплака, што значи дека има ниска свесност за правилата на државна помош помеѓу засегнатите страни. Државната Комисија за спречување на корупција донела предупредување за можен кофликт на интерес во однос на мерка на државна помош дадена од регионалните управи.*

*Одреден број на мерки на помош, повеќето одобрени на централно ниво, се нотифицирани касно и затоа не се испитани од Комисијата. Државната помош продолжува да се одобрува за авио транспортот без да се нотифицира Комисијата. Свесноста за правилата за државна помош помеѓу давателите на помошта треба понатаму да се зголеми.*

*Либерализација*

*Антитруст правилата и правилата за државна помош се применуваат на државните претпријатија и претпријатија со специјални или ексклузивни права, освен кога применувањето би го спречило извршувањето на нивните задачи. Како и да е, земјата треба да покаже дека овие правила всушност се применуваат.*

*Нема заклучни докази кои се однесуваат на постоењето на монополи од комерцијален карактер согласно член 37 од Договорот за основање на ЕУ.*

### 8.2 Меѓуресорска соработка на планот на европска интеграција

Комисијата е носител на НПАА Работната група 3.08 Политика на конкуренција и во тоа својство е одговорна за спроведување на потребните активности на законодавен и институционален план за поглавјето 08 Политика на конкуренција во насока на исполнување на условите за членство на Република Македонија во ЕУ. Комисијата редовно го информираше СЕП за постигнатиот напредок на планот на усогласување на националното законодавство со ЕУ *acquis* и јакнење на административните капацитети за спроведување на законодавството, како и за степенот на реализација на предвидените активности во поглавјето 08 на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ за 2017-2019 година (НПАА 2017-2019). Како носител на поглавјето 08 Политика на конкуренција, Комисијата претседаваше со редовните месечни состаноци на меѓуресорската НПАА работна група 3.08 Политка на конкуренција, на кои се разгледуваше постигнатиот напредок, планираните активности и се разменуваа релевантни информации за поглавјето со членовите на оваа група (државни органи кои со своите активности имаат влијание врз економските активности и степенот на развој на конкуренцијата и обемот на доделување на државна помош во Република Македонија). Комисијата до СЕП редовно ги доставуваше потребните извештаи за постигнатиот напредок во поглавјето 08 (месечни, тримесечни и полугодишни).

На 3 Февруари 2016 година во Скопје се одржа 12-тиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Република Македонија и Европската унија. Овој поткомитет е дел од структурата воспоставена со Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки. На состанокот Комисијата го презентираше постигнатиот напредок во поглавјето 3.08 врз основа на претходно подготвен пишан материјал пред претставниците на Европската комисија и Делегацијата на ЕУ во Скопје, при што доби соодветни коментари и укажувања за унапредување на состојбата во земјата во поглед на ова поглавје.

Во 2016 година, Комисијата активно учествуваше во процесот на ревизија на НПАА при што го подготви поглавјето 3.08 на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ 2017-2019 година.

## 9. Меѓународна соработка

### 9.1 Билатерална и мултилатерална соработка

Во текот на 2016 година продолжена е и надградена соработката со телата надлежни за примена на конкурентското законодавство во земјите од регионот и државите членки на ЕУ, започната во претходните години, а исто така се иницирани и нови проекти во рамките на меѓународните организации.

### 9.2 Билатерална соработка

Во текот на 2016 година билатералната соработката со телата за заштита на конкуренцијата на земјите од регионот интензивно се остваруваше и понатаму претставува важен елемент на меѓународната соработката на Комисијата, базирано на размена на различни искуства по прашања на пристапувањето на тие земји во ЕУ, но и на процесите и прилагодувањата на пазарната економија во поширока смисла.

На 14.04.2016 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Македонија и Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Србија потпишаа Меморандум за меѓусебно разбирање и соработка во областа на заштитата на конкуренцијата.

### 9.3 Мултилатерална соработка

Во Февруари 2005 година е формиран ОЕЦД - Регионален центар за конкуренција (РЦК) во Будимпешта, Република Унгарија во рамките на кој се организираат семинари и обуки за вработените од надлежните органи за конкуренција во земјите на Југоисточна Европа. Вработени од Комисијата во 2016 година учествуваа на 4 семинари/работилници организирани од ОЕЦД – РЦК на одделни теми од областа

Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

на заштитата на конкуренцијата – ограничувачки договори, злоупотреба на доминантна позиција и концентрации и на еден годишен состанок на претседателите.

Република Македонија е членка на ИЦН (Меѓународната мрежа за конкуренција) и во текот на 2016 година Комисијата зеде активно учество во работата на ИЦН и учествуваше на годишната конференција. ИЦН помага за доближување на позициите на развиените и земјите во развој за прашања кои ја засегаат важноста за ефективно регулирање на конкурентските односи за успешен развој на националните економии, привлекување на инвестиции во земјите и целосно исполнување на барањата на потрошувачите, а со посебен осврт на потребата од продолжување на подигање на конкурентската култура и сите активности кои го промовираат конкурентското право и политика преку неприсилни механизми и соодветна едукација и специјализација на судството во оваа област.

## Г. АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ НА КОМИСИЈАТА

Стручната служба на Комисијата врши стручни, нормативно-правни, управни, управно-надзорни, материјално-финансиски, сметководствени, информатички и други работи и други административно - технички работи.

На 31.12.2016 година, бројот на вработени во Комисијата изнесува 28, вклучувајќи ги и Претседателот и двајца членови, кои се професионално ангажирани во работата на Комисијата. Вработените во стручната служба имаат статус на административни службеници и помошно технички персонал. Од вкупно 25 извршители во стручната служба, 19 се со високо образование, 1 со вишо образование, 5 со средна стручна спрема и 1 со основно образование.

Вкупниот број на припадници на заедниците во Република Македонија, вработени во Комисијата, изнесува 12 лица односно 42,85%.

Од вкупниот број на вработени, 7 вработени работат на спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата, сите со високо образование додека 5 вработени работат на спроведување на Законот за контрола на државната помош сите со високо образование.

## Д. ЗАКЛУЧОК

Комисијата во рамките на своите овластувања во 2016 година и покрај недоволниот број на извршители во стручната служба и недоволните финансиски средства, успешно ги заврши работите на усогласување и прилагодување на законодавството од областа на конкуренцијата со правото на ЕУ.

Заштитата на конкуренцијата претставува правна проблематика која константно се менува и дополнува и во ЕУ, па оттука следењето и прилагодувањето на македонското законодавство со ЕУ законодавството, претставува непрекинат процес и задача на оваа Комисија, се до стекнувањето на членство во ЕУ.

Втората, не помалку важна задача на Комисијата, е примената и спроведувањето на усвоените правила на начин со кој се овозможува воспоставување на пазарна

Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

економија во која важат истите правила за сите економски субјекти на македонскиот пазар, без разлика на нивната економска моќ.

Одговорноста за ефикасното спроведување на веќе усогласеното законодавство од областа на конкуренцијата не ја има само Комисијата, туку и Управниот Суд кој одлучува за законитоста на нејзините одлуки.

Комисијата мора и во иднина да ги извршува поставените задачи врзани за определувањето на Република Македонија да стане полноправна членка на ЕУ, бидејќи областа на заштита на конкуренцијата и спроведувањето на таа гранка на правото во практика, е примарна цел во Европската Унија. Во врска со тоа, потребно е континуирано институционално зајакнување на Комисијата, пред се, преку зголемување на бројот на вработени. Сите вработени во оваа Комисија мораат непрекинато да се усовршуваат, односно да стекнуваат нови знаења како би можеле уште денес, во конкретните постапки кои ги водат, да ги применуваат европските стандарди. Комисијата има потреба од континуирано зголемување на бројот на високо образуван кадар, пред се од областите на правни и економски науки, кој ќе има добро познавање на европското право и практика во областа на конкуренцијата и познавање на англискиот јазик, а заради успешно остварување на поставените цели и задачи во поефикасна заштита на конкуренцијата на пазарот.

Досега кажаното го потврдуваат и мислењата на Европската Комисија изразени во разни прилики со претставници на Република Македонија, дека во врска со прашањата од областа на конкуренцијата направен е значителен напредок, но тоа не значи дека не треба и понатаму да се вложуваат напори со цел усогласување со правото на ЕУ и исполнување на одредбите од Спогодбата за Стабилизација и Асоцијација.

Средствата за работа на Комисијата се обезбедуваат од Буџетот на РМ.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

## Ѓ. ФИНАНСОВ ИЗВЕШТАЈ
## За период 01.01 до 31.12.2016 за
## Комисија за заштита на конкуренцијата
## на буџетска сметка 20056013563716

**Планиран Буџет на Комисијата за 2016 година** **19.629.000,00**

**1. Одобрен буџет по план од 01.01.2016 до 31.12.2016** **17.723.415,00**

**2. Вкупно расходи од 01.01.2016 до 31.12.2016** **17.715.596,00**

Остварени приходи по одобрените планови од буџетот на Република Македонија и трезорската канцеларија.

Според одобрениот план напоменуваме дека расходите се реализирани според потребите, а спрема контата одобрени по плановите од Буџетот на Република Македонија и трезорската канцеларија.

Комисијата во текот на своето работење во 2016 година до 31.12.2016 ги има направено следните трошоци, кои се платени од расположивите средства што ги имаше на буџетската сметка.

### 1. ПРИХОДИ ОД БУЏЕТОТ НА Р. МАКЕДОНИЈА

| | | |
|---|---|---|
| | Приходи за плати | 14.013.915,00 |
| | Приходи за пат. и дневници | 526.001,00 |
| | Комунални трошоци | 1.728.889,00 |
| | Приходи за разни материјали | 65.299,00 |
| | Тековно одржување | 59.819,00 |
| | Договорни услуги | 697.471,00 |
| | Репрезентации разни | 158.605,00 |
| | Субвенции и трансфери | 306.416,00 |
| | Исплата по извршни исправи | 167.000,00 |
| Вкупно | Приходи за 2016 | **17.723.415,00** |

Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

## 2.РАСХОДИ

| | | |
|---|---|---|
| **401** | Основни плати и наемнини | **10.226.749,00** |
| **402** | Придонес за социјални осигур. | **3.779.347,00** |
| **420** | Патни и дневни расходи | **526.001,00** |
| | | |
| 421110 | Ком. услуги струја | 424.056,00 |
| 421120 | Ком. Усл. Водовод | 130.403,00 |
| 421130 | Губретарина | 46.848,00 |
| 421190 | Други комунални такси | 17.056,00 |
| 421210 | Парно греење | 387.331,00 |
| 421310 | Трошок птт | 11.918,00 |
| 421320 | Телефон | 326.170,00 |
| 421410 | Горива и масла | 71.500,00 |
| 421420 | Технички преглед | 7.379,00 |
| 421440 | Транспорт на лица | 306.228,00 |
| **421** | | **1.728.889,00** |
| | | |
| 423110 | Канцел материјал | 30.160,00 |
| 423120 | Средства за списаниа | 16.100,00 |
| 423190 | Други административни материјали | 450,00 |
| 423710 | Средсва за хигиена | 13.559,00 |
| 423990 | Други материјали | 5.030,00 |
| **423** | | **65.299,00** |
| | | |
| 424110 | Поправка и сервис на возила | 13.960,00 |
| 424210 | Тековно одржување на згради | 5.539,00 |

Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

| | | |
|---|---|---|
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекција | 3.000,00 |
| 424420 | Поправка и одрзув на софтвер | 22.810,00 |
| 424430 | Поправка на опрема | 1.220.00 |
| 424440 | Поправка на машини | 13.290.00 |
| **424** | | **59.819,00** |
| | | |
| 425130 | Изнајмување друг тип на простор | 215.250,00 |
| 425220 | Банкарска провизија | 14.405,00 |
| 425360 | Судски такси правни лица | 1.200,00 |
| 425920 | Печатење | 2.023,00 |
| 425970 | Консултантски услуги | 5.600,00 |
| 425990 | Други договорни услуги | 458.993,00 |
| **425** | | **697.471,00** |
| | | |
| 426210 | репрезентации | 5.548,00 |
| 426310 | Обуки | 27.184,00 |
| 426410 | Огласување во весници | 34.616,00 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 90.957,00 |
| **426** | | **158.605,00** |
| | | |
| 465110 | Главен долг по извршни исправи | 151.339,00 |
| 465120 | Камата по извршни исправи | 32.521,00 |
| 465130 | Трошоци по извршни исправи | 122.556,00 |
| **465** | | **306.416,00** |
| | | |
| 480110 | Купување на канцел. опрема | 119.300,00 |
| 480140 | Купување информатичка опрема | 47.700,00 |

Ул.Св.Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

| | | |
|---|---|---|
| **480** | | **167.000,00** |
| | Вкупно расходи за 2016 година | **17.715.596.00** |

**Вкупно планиран буџет................................ 19.629.000,00**

**Вкупно одобрен буџет по план..................... 17.723.415,00**

**Вкупни расходи............................................... 17.715.596,00**

**Реализација на расходи од приходи по вкупно одобрен буџет по план искажано во проценти изнесува 99,96%.**

**НАПОМЕНА:** Во тековната 2016 година Комисијата до 31.12.2016 година ги нема подмирено обврските спрема следните добавувачи со вкупен долг во износ од **359.699,00 ден.**

| Назив на добавувачот | Износ |
|---|---|
| Мак свис | 41.305,00 |
| Водовод и канализација -вода | 7.924,00 |
| Комунална хигиена-ѓубретар. | 3.904,00 |
| И-12 Софт | 6.000,00 |
| ЕВН Македонија – струја | 58.891,00 |
| Македонски телеком | 33.024,00 |
| Македонска пошта | 204,00 |
| БЕГ | 54.024,00 |
| ЈП Службен весник | 102.800,00 |
| Офис плус | 668,00 |
| Виртус Елиас | 863,00 |
| ЈП МРТ рдт | 190,00 |
| Градско такси Сонце | 24.954,00 |
| Совет за јавни набавки | 4.800,00 |
| Побарувања од работници | 20.148,00 |
| **Вкупен долг за 2017** | **359.699,00** |